Македонско здружение на млади правници

**Предлог измени и дополнувања на Законот за безбедност на храна**

Согласно спроведената Анализа на законодавството посветено на безбедност, фрлање, донирање и редистрибуција на (вишоци) храна, изработена од страна на **Македонското здружение на млади правници** со поддршка и во соработка со **Здружението „Храна за сите – Банка за храна МК“** изготвени се следните коментари во однос на Нацрт Закон за измени и дополнувања на Законот за безбедност на храната објавен на ЕНЕР на 20.10.2018 година.

**<u>Предлог број 1</u>**

Во членот 3 став 1 од Законот треба покрај зборот дистрибуција да се додаде и зборот редистрибуција на храна и храна за животни.

Следствено на сите места во законот каде се споменуваат разните фази на манипулација со храна почнувајќи од производство, преработка и дистрибуција, треба да се додаде и зборот редистрибуција. Бараната промена на овие членови од Законот (првично членот 3) соодветствува со потребата од уредување на дејноста непрофитните оператори со храна кои донираат вишоци на храна (предлог дефинициите за непрофитни оператори со храна и вишоци од храна се дефинирани подолу во текстот). Впрочем, со воведување на зборот редистрибуција во членот 3 би се дало значење и на оваа фаза од манипулација со храна.

**<u>Предлог број 2</u>**

Се предлагаат дополнувања во дел I – општи одредби, Поими, член 4 каде ќе се дефинира поимот вишок на храна, донирање на храна и ќе се измени поимот оператор со храна и бизнис со храна. Дефинирањето на овие поими е потребно поради фактичкото постоење на вишоци храна, како и оператори односно правни лица кои вршат дејност на редистритрибуција и донирање на храна до крајните корисници кои се лица имаат право и потреба од помош во храна.

Во членот 4 точка 1 (поим „Храна“) се додава нов поим кој гласи:
**„Вишок на храна“** е храна која се состои од готови прехрамбени производи (вклучително свежо месо, овошје и зеленчук), делумно готови призводи од храна или состојки од храна, кои се генерираат од било која фаза на производство и дистрибуција на храната.

По точка 2 (поим „Прописи за храна“) се додаваат нови поими „Донирање на храна“ и „Редистрибуција на храна“ кои гласат:
**„Донирање на храна“** е дејност која подразбира преземање на храната која е безбедна за консумација од трговци или производители и редистрибуција на храната до лицата кои имаат потреба од помош во храна без надомест.
**„Редистрибуција на храна“** подразбира активности на преземање на храната, означување, транспорт, складирање и достава до лицата кои имаат потреба од помош во храна.

Поимот „Бизнис со храна“, точка 3 се дополнува и гласи:
**“Бизнис со храна“** е секоја активност, профитна или непрофитна, јавна или приватна, која е поврзана со која било фаза од производството, преработката, дистрибуцијата на храна, како и **редистрибуција на храната наменета за донирање** ;

По точката 4 “Оператор со храна” се додава нов поим кој гласи:
**“Непрофитен оператор со храна”** е секое физичко или правно лице кое е одговорно да обезбеди исполнување на услови пропишани со прописите за храна во рамки на непрофитен бизнис со храна кој се занимава со редистрибуција на храна и кој е под негова контрола

**<u>Предлог број 3</u>**

Она што треба да се уреди и воспостави во едно од општите начела во Законот за безбедност на храната е почитувањето на хиерархијата за управување со вишокот на храна. Хиерархијата на вишокот со храна постои за да превенира и управува со вишокот од храна со цел да го минимизира негативниот ефект кој може да се одрази на животната средина. Хиерархијата содржи рангирање на најдобрите опции за користење на остатоците од храната наменета за консумирање и ресурсите за производство на храна. Она што е најпосакувн резултат е превенцијата  храната која може да се јаде  воопшто да не стане отпад. Наредно на хиерархијата е редистрибуцијата на храна за повторно консумирање од страна на луѓето, па редистрибуција на храната за хранење на животни и употреба на истата во индустријата. На претпоследно скалило е користење на вишпкот од храна во обновливи ресурси како збогатување на почвата, и обновлива енергија. На крај од хиерархијата и најмалку посакуван резултат е фрлањето на храната во отпад. Хиерархијата е вопоставена како пирамида свртена наопаку презентирана на следниот начин:



**<u>Предлог број 4</u>**

Поради воспоставување на контрола на дејноста на донирање на храната во Глава IV – Надлежен орган, потребно е да се дополнат надлежностите на Агенцијата за храна и ветеринарство во смисла на нивно проширување во врска со дејноста на донирање и редистрибуција на храната, која треба да биде безбедна за консумација.

Членот 17 (надлежност) се дополнува и гласи:

**Надлежност**
**Член 17**

Агенцијата е надлежна за:
- извршување на работите од областа на безбедноста на храната и храната за животни,
- организацијата и одговорноста во вршењето на ветеринарната дејност,
- спроведување, контрола, надзор и следење на ветеринарните активности во областа на здравствената заштита на животните,
- заштита и благосостојба на животните во однос на нивното одгледување, чување, грижа и сместување, фармско држење, искористување, транспорт, колење или убивање,
- заштита и благосостојба на кучињата и домашните миленици, животните во зоолошките градини и животните кои се користат во експериментални и други научни цели,
- извршување на работите од областа на нуспроизводите од животинско потекло,
- идентификација и регистрација на фармските и други животни,
- извршување на работите од областа на ветеринарно-медицинските препарати,
- контрола на квалитетот на храната со исклучок на примарно земјоделско производство од растително потекло,
- **контрола на квалитетот на вишоците на храна и донираната храна**
- решава во управна постапка од прв степен,
- издава и укинува одобренија и решенија на физички и правни лица
- други работи од значење на ветеринарното здравство, безбедноста на храната и храната за животни.

**<u>Предлог број 5</u>**

Воведување на посебен дел/глава во Законот со кој ќе се уреди дејноста на непрофитните оператори со храна и начинот на вадење на одобрение за работа на истите или уредување на дејноста на непрофитните оператори во Глава II од Законот– Обврски на операторите со храна.
Предлог член:

**Издавање на одобрение на непрофитни оператори со храна**
**Член __**

(1) Агенцијата задолжително издава одобрение за работа на непрофитните оператори со храна и води регистар на непрофитни оператори со храна кои вршат дејност на редистрибуција и дониарње на храна.

(2) Операторите со храна од ставот (1) на овој член поднесуваат барање за одобрение за работа до Агенцијата.
(3) За да добие одобрение за редистрибуција и донирање на храна непрофитниот оператор со храна треба:
- да е регистриран во Централен регистар на Република Македонија како лице кое врши непрофитна дејност;
- да има доказ дека располага со најмалку едно возило наменето за транспорт на храна
- имотен лист или договор за закуп на објект доколку операторот редистрибуира храна која треба да се складира,
- и
- доказ дека има одобрен елаборат за заштита на животната средина.
(4) Службеното лице од Агенцијата кое ја води постапката по службена должност ги прибавува доказите за исполнетост на условите од ставот 3 на овој член, во рок од три работни дена од денот на поднесувањето на барањето.
(5) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот 4 на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.
(6) Пред да се издаде одобрението од ставот (1) на овој член, Агенцијата врши увид на објектот доколку непрофитниот оператор редистрибуира храна која треба да се складира.
(7)Агенцијата издава одобрение само доколку непрофитните оператори со храна докажат дека ги исполнуваат хигиенските барања за храната и други барања утврдени со овој закон и прописи донесени врз основа на овој закон.
(8) Агенцијата издава одобрение доколку од увидот утврди дека објектот ги исполнува сите барања за инфраструктурата и опремата за складирање на храната.
(9) Агенцијата, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за одобрение од ставот (1) на овој член, донесува решение, за одобрување, односно одбивање на барањето за одобрување на непрофитните оператори со храна.
(10) Доколку Агенцијата донесе решение за одбивање на барањето за одобрение, операторот со храна има право да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението од ставот (9)на овој член до Државната комисија за одлучување во управна постапка и работен однос во втор степен.
(11) Директорот на Агенцијата ги пропишува формата и содржината на регистарот, формата, содржината и начинот на поднесување на барањето од ставот (2) на овој член, начинот на издавањето и повлекувањето на одобрението од ставот (1) на овој член, како и формата и содржината на одобрението по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

**<u>Предлог број 6</u>**

Со цел да се определи која храна може и е погодна да се редистрибуира потребно е во соодветна глава на законот да се додаде одредба дека Агенцијата за храна и ветеринарство како надлежен орган со посебен Правилник определува која храна е безбедна да се донира и редистрибуира.